РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-241/2
12-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3879/1 од 11.11. 2020 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ____________, поранешен Министер за ____________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по поднесено барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон, од страна на Прекршочната комисија во ДКСК е донесено решение број 14-495/5 од 01.11.2021 година со кое именуваниот е огласен за одговорен и му е изречена прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 400 евра во денарска противвредност.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот заведен под број 08-3879/1 од 11.11. 2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во својата евиденција утврди дека на __________ на 26.06.2019 година му престанала функцијата Министер за ________________ во Владата на Република Северна Македонија и дека во законски предвидениот рок по престанок на функцијата не поднел анкетен лист до ДКСК.

ДКСК, согласно со член 114 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на именуваниот му издаде и достави прекршочен платен налог за

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Со оглед на фактот што од страна на именуваниот, во законски утврдениот рок, не е постапено по прекршочниот платен налог ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија во ДКСК.

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-495/5 од 01.11.2021 година именуваниот го огласила за одговорен и му изрекла прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 400 евра во денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: В.Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**